Врз основа на чл.3 .ст.3 од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.М бр. 53/05,81/05,24/7,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192/15,39/16 и 99/18) чл.22 ст. 1 точка 2 чл.62 ст.1 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) ,чл.21 од Стаутот на Општина Лозово (Сл.Гласник бр.02/05, 29/14 и 73/17) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден **11.12.2023 год**. донесе:

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ЗА 2024 ГОД.*

**I ВОВЕД:**

Општина Лозово, преку Програмата за заштита на животната средина, ќе врши: заштитата и унапредување на квалитетот и состојбата на животната средина: почвата, водата, воздухот; на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем подобрување на квалитетот на животната средина и грижа за здравјето на жителите во Општина Лозово.Исто така, во Програмата се опфатени и активностите за подигање на нови и одржување на зелените површини кои се основа за унапредување на животната средина.

**II ЦЕЛИ :**

Основна цел на оваа Програма е да се одслика реалната состојба на квалитетот на животната средина во општината како и преземање на соодветни мерки согласни со Законот за животната средина се со цел подобрување на квалитетот на живеење на населението на подрачјето на Општина Лозово и тоа:

-зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
-заштита на животот и на здравјето на луѓето;
-заштита на биолошката разновидност;
-рационално и одржливо користење на природните богатства
-спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

**III АКТИВНОСТИ:**

Општина Лозово во 2024 год ќе превземе низа на мерки за забрана на користење на природата на начин кој предизвикува :
Забранeто е користење на природата на начин кој предизвикува:
- оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност;
-деградација на почвата и губење на нејзината плодност;
-оштетување на површинските или подземните геоморфолошки вредности;
-загадување и промена на режимот на водата и загадување н авоздухот.
-загадување со фрлање на отпад и градежен шут.
Во 2024 год се предвидуваат да се превземат бројни неопходни активности и мерки како препораки:

-Чистење на дивите депонии на територијата на Општина Лозово.
- изработка на Катастер на загадувачи на територија на Општина Лозово.
-Подигање на нови зелени површини и реконструкција на посточките .
-Чистење на диви депонии со ЈПКД Лозово и ангажирање на лица и механизација.
-Подигањето и одржувањето на зелените површини на територија на Општина Лозово е надлежност на на ЈПКД .Сепак за збогатување на зелениот фонд потребно е подигање на нови зелени површини и реконструкција на посточките .
-Набавка на декоративни садници и сезонски цвеќиња

-Набавка на дрвја (зимзелени и листопадни)
-Општина Лозово набавува декоративни садници за дворот на Општинската зграда и сезонски цвеќиња за разубавување на парковите,улиците, дворовите на јавните институции.
Проект –Цвеќето и зеленилото во нашата Општина
Општина Лозово, планира и во 2024 година да врши засадување на сезонско цвеќе,садници на различни локации на територија на општината, со ангажирање на лица,лица вработени во ЈКПД како и акции во соработка со вработените во Општинската администрација,учениците и вработените во О.О.У Методи Митевски-Брицо од Лозово.

- Посетување на обуки и семинари од областа на животната средина за лицето кое работи од областа на животната средина.Се со цел за континуирано следење на законските измени во законите за животна средина за чие спроведување е надлежна локалната самоуправа потребни се посети на работилници,семинари и обуки на вработените од областа на животната средина.

-Одржување на трибини и јавни расправи согласно со законот за животна средина,локалната самоуправа е надлежна за спроведување на јавни расправи по однос на А интегрирани еколошки дозволи.
-Обележување на денови од ЕКО календар (Ден на Планетата земја, ден на заштита на водите ,Ден на екологија ,Ден без Автомобили, ден на пролетта,ден на шегата,ден за борба против пушењето , ден на дрвото и сл.Подигање на еколошка свест во основното училиште и градинката за нивната улога и одговорност во зачувување на животната средина во која живеат и растат,да им се развие свеста за штетност на загадената средина,односно предноста за чиста вода за пиење,чистиот воздух што го дишат,соодветно слкадирање на отпад и сл.
.

## <u>IV ФИНАНСИРАЊЕ</u>

| | | |
|---|---|---|
| Чистење на диви депонии | Општина Лозово со ЈПКД Лозово | 250.000 денари |
| Садници за денот на дрвото | Општина Лозово | 50.000 денари |
| Печатење на едукативни флаери за подигање на јавната свест за почиста животна средина | Општина Лозово | 20.000 денари |
| Вкупно: | | 320.000 денари |

Општина Лозово од буџетот за 2024 год планира да обезбеди финансиски средства во износ од 320.000 денари за реализирање на оваа програма.
**V)**Оваа Програма влегува во сила со денот на Објавување во службен гласник на Општина Лозово.

**Д а т а**

**11.12.2023год.**

**Претседател на Совет**
**на Општина Лозово**
**Владе Миланов**

________________________

**Изработил :Помлад соработник за изработка на програми,проекти и планска документација за заштита на животната средина**

**Александар Јакимовски**_____________________